

# ОПШТИНА КОЧАНИ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СРАБОТЕНОТО

## 2009-2011





**Ратко Димитровски**
Градоначалник
на Општина Кочани

Почитувани,

Оваа брошура претставува извештај за работата на Градоначалникот и на Општина Кочани од 2009-2011 г. Со податоците во неа Ви претставуваме дел од реализираните проекти и поставените цели. Извештајот покажува дека Вашите средства се вложуваат домаќински и рационално, во насока на подобрување на квалитетот на живеењето. Во наредниот период ќе ги продолжиме нашите заложби за остварување на зацртаните приоритети и задачи.



**Анче Трифунов**
Претседател
на Советот на Општина Кочани

Советот на Општина Кочани со своето работење даде максимален придонес за нормално функционирање и развој на општината, со навремено донесување на Буџетот, програмите, урбанистичките планови, одлуките на комуналното претпријатие... Сумирајќи ги резултатите од двегодишното работење, очигледно е настојувањето со рамномерно темпо да одговориме на инфраструктурните прашања, образовните, да обезбедиме услови за подобра локална економија, културен и спортски живот, да ги негуваме човечките ресурси.





Во централното градско подрачје се заменети 19 км азбестно-цементни со цевки од лиено железо и полиетиленски. Замената на цевките придонесува една третина од водоснабдителната зона во градот да има вода со висок квалитет. Со успешната реализација на овој проект, со кредит од Светска банка, Општина Кочани добива грант од 120 илјади евра кои се наменуваат за асфалтирање на улици во градот.

Изградена е нова водоводна мрежа на улицата „Крушевска", нов експлоатациски бунар во месноста Грдовски орман (нови 30 л/сек.) во системот за водоснабдување, реконструирана е водоводната мрежа во населбата Тркање. Поставена е канализациска мрежа во селата Бели и Прибачево и населбите Трајаново Трло и Ромско Маало и фекална канлизација во местата Витоша и Селиште во Оризари.

Пред почеток на реализација е нов инвестицискиот проект на КЈП „Водовод" за реконструкција на дел од опремата, инсталациите, дел за подобрување на институционалните капацитетит и дел за замена на постојните цевководи.



Подобрувањето на состојбите во инфраструктурата претставува приоритетна област на дејствување. Асфалтирани се патните правци Кочани-брана Гратче, Горни Подлог-Долни Подлог, М-5 –Тркање.

Со асфалт се поврза селото Бели со манастирот „Свети Илија“ и локалитетот кај шествековниот споменик на природата – Дабот...

Асфалтирани улици: „Орце Николов“, „Поп Арсов Блаже“, „Стамен Манов“, „Трета македонска бригада“...

Тампонирани улици: „Лазар Стоименов“, „Стамен Манов“, „Шукри Шаин“...

Пробиена и тампонирана во целост е улицата „Христијан Тодоровски Карпош“, дел од улиците „Кирил и Методиј“, „Јордан Зафиров“, „АВНОЈ“, Вера Которка“...

Пробиени се патишта во ридско-планинскиот дел кон селата Полаки, Крушка, Костин Дол, Речани, Небојани...





Две улици во селото Грдовци со должина од 720 метри добија бехатон плочки.

Во соработка со граѓаните, а градежен материјал од Општината, изградени се потпорни ѕидови на повеќе од 30 улици во градот: „Григор Прличев“,„Јане Сандански“, „Македонска“, „Карло Маркс“, „Кирил и Методиј“, „Ѓорче Петров“, „Кирил и Методиј“, „Јордан Зафиров“, „АВНОЈ“...

Бетонирани се пристапни краци на улиците „Јане Сандански“, „Христијан Карпош“, тротоари на дел од улицата „Брегалничка“...

Се преуредува тротоарот на улицата „Димитар Влахов“, поставени се нови бехатон плочки на тротоарот на улицата „Гоце Делчев“...

Во Оризари се бетонирани делови од улиците „Брегалничка“, „11 Октомври“, „Едвард Кардељ“.



Автобуски и такси постојки, нови сообраќајни решенија, подобрување на паркинг-просторите во градот...

Покрај секојдневното менување и одржување на уличното јавно осветлување, изминативе две години се извршени повеќе реконструкции и се поставени нови светлечки места во градот и населените места во Кочани.

- Оризари – поврзување на двата влеза, во должина од 500 м и осветлување на влезот во селото;
- „Тодосија Паунов“ на потегот од Автобуската станица до влезот на Шумско стопанство и до Агенцијата за вработување;
- новото детско игралиште на ул. „Роза Петрова“ – комплетно осветлено со штедливи светилки;
- Градски парк, влез на Општината и Градски плоштад – реконструкција на осветлувањето со штедливи светлики;
- Младински спортски центар;



- ОУ „Никола Карев“;
- нова инсталација со комплет осветлување со канделабри со економични светилки на улицата „Димитар Влахов“;
- осветлување на дел од улицата „Александар Македонски“;
- рефлектори на училишните згради во населени места;
- осветлување во Грдовци, Мојанци, Нивичани...

Поправени и реконструирани се детските игралишта...

Поправен и оспособен за користење е мостот кај Спортско-рекреативниот центар во Бавчалукот...



Завршен е проектот Еколошка санација и енергетска рационализација на „Геотерма“ со што се доби дублет-систем со кој геотермалната вода се искористува и повторно се враќа во утробата на земјата. Најголемиот дел од инвестицијата вредна 2 милиона евра е донација од Владата на Република Австрија. Во март, под покровителство на претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, пред дипломатски претставници во нашата држава беше реализирана презентација под наслов „Геотрмална енергија во Македонија – кочанска депресија“, со посебен акцент на можностите за инвестирање.

Општина Кочани има донесено детални урбанистички планови со кои се предвидени локации за изградба на аква парк, спа-центар и воведување на геотермалната вода во Градскиот базен. За искористување на геотермалната енергија во областа на земјоделието, донесен е Детален урбанистички план за изградба на комплексот агроберза, на површина од 25 ха.



Акцијата за расчитување на речните корита и канали донесе еколошки ефект и ја зголеми пропусната моќ на делниците на Кочанска и Зрновска Река, Брегалница, Масалница...

Со редовни активности, а особено со акцијата Ден на дрвото, во Кочанско со 350.000 садници се пошумени 140 хектари.

Започната е реализација на проекти за раздвојување на атмосферската од фекалната канализација, за изградба на прочистителна станица на отпадните води, за интегрирано управување со водите од реката Брегалница, за интегрирано управување со отпад...



Подобрување на просторните и техничките услови во основните и средните училишта:

- централно греење во ОУ „Крсте Мисирков“ во Оризари;
- поставување дворна ограда на училиштата „Свети Кирил и Методиј“, „Љупчо Сантов“ и Спортската сала;
- нови прозорци во ОУ „Св. Кирил и Методиј“ и „Никола Карев“;
- реконструкција на училишната зграда во Нивичани;
- Кочани е седиште на Правниот факултет на Универзитетот “Гоце Делчев“ - Штип.





Почна изградбата на училишна спортска сала во ОУ „Никола Карев“, со површина од 1300 м$^2$ - наменета за малите спортови, со капацитет од 500 седишта во публиката, кабинети, гардероби, реквизити.

Опремен е Младински спортски центар - игралишта за мал фудбал и за кошарка покриени со вештачка трева, осветлување, трибини, санитарен јазол, шанк за освежување.

Почна изградбата на повеќенаменските спортски игралишта. Првото, со димензии 45,5 х 28,5 м, се гради на улицата „Скопска“ во дворот на Детската градинка „Павлина Вељанова“. Второто е планирано во дворот на ОУ „Малина Попиванова“.



2010 година беше под знакот на реализацијата на неколку регионални проекти. Преку Центарот за развој на Источниот плански регион се поврзаа Лесново и Пантелеј со еко-патека, а се гради асфалт на релацијата Пантелеј, Рајчани и Турско Рударе. Урбанизацијата на Поникваa, поддржана од проект на UNDP ќе овозможи плански развој на викенд-населбите на Понико и решавање на водоснабдувањето, придобивки и за тамошното население и за развојот на туризмот.



Формирани се 9 урбани и 23 месни заедници. Активирањето на облиците на месната самоуправа, како двигатели на животот во микрозаедницата претставува сериозен пристап кон континуирано следење и решавање на проблемите со кои се соочуваат жителите...

Редовните средби со жителите од урбаните и месните заедници се со цел тие да бидат во директен контакт со Општината, сè за поголема ефикасност на локалните служби и за подобрување на квалитетот на живеење.



Браната на Оризарска Река е капитален проект на ниво на држава чија цел е да обезбеди водоснабдување на Кочани, Виница, Чешиново-Облешево и Зрновци. Во 2009 г. се завршија сите испитувања на теренот, се проби патот до местото каде што ќе биде браната, изготвен е елаборат за дополнителни геомеханичките истражувања.Главниот проект за изработка на техничка документација, кој чини 18 милиони денари, го работи Градежниот факултет. По усвојувањето на главниот проект, следува реализација фаза по фаза. Со средства од Буџетот ќе се почне со експропријација на земјиштето, трасирање нов пат од селото Оризари директно до браната...





ТППЕ доби наводно возило со сила на моторот од 210 киловати и вкупна дозволена маса од 15 тони, четиритонски не’рѓосувачки резервоар за вода, резервоар за пена од 300 литри и американска пумпа „ватерус“ со капацитет од 3 илјади литри во минута.

Пожарникарите работат на показни вежби и настојуваат единицата секојдневно да биде присутна меѓу граѓаните, а особено меѓу младите и учениците со цел да ги обучува како се спречува пожар.



**Општина Кочани**
ул.„Раде Кратовче“ 1
033/274 001
www.kocani.gov.mk
info@kocani.gov.mk